НАСТАВНА
ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

III ГОДИНА

СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ СО ТРИГОДИШНО ТРАЕЊЕ

Скопје, јуни 2013 година

# I. ВОВЕД
## (Основни податоци за наставниот предмет)

Наставниот предмет македонски јазик и литература ги опфаќа програмските подрачја Јазик и Литература. Преку овој наставен предмет учениците треба да ги усвојат основните знаења од јазик и успешно да ги применуваат. Во подрачјето Литература се создаваат услови да се практикуваат знаењата од подрачјето Јазик.

Одредени наставни содржиниво секоја година се во насока на развивање на конкретни вештини и знаења преку практична примена.

**Назив на наставниот предмет:** македонски јазик и литература

**Вид на средно образование:** стручно

**Година на изучување на наставниот предмет:** трета година

**Број на часови на наставниот предмет:**

- Број на часови неделно: 3 часа
- Број на часови годишно: 108 часа

**Статус на наставниот предмет:** задолжителен

## II. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ (од I до III година)

Ученикот/ученичката:

- да ги проширува и продлабочува знаењата за македонскиот литературен јазик како основно средство за комуникација;
- да се оспособува за самостојно усно и писмено изразување, за сфаќање, доживување и толкување на литературните и на другите текстови;
- да ги развива и да ги поттикнува индивидуалните способности за самостојно критичко и творечко комуницирање со литературниот текст;
- да ја развива и да ја зацврстува свеста за значењето на македонскиот литературен јазик како најкарактеристичен белег на националниот идентитет и припадност на македонската јазична заедница;
- да развива и да стекнува способности и вештини во комуникацијата, во правец на меѓусебно почитување и разбирање на луѓето и народите и нивните литературни, културни и научни придобивки и вредности;
- да се здобие со трајни и функционални знаења;
- да се оспособи за реализирање на целите на наставата во предвидената наставна година и на конкретните цели.

## III. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ГОДИНА

Ученикот/ученичката:

- да препознава видови сложени реченици;
- да ги набројува видовите сложени реченици;
- да ја дефинира синтаксата како научна дисциплина;
- да ја објаснува реченица како централна синтаксичка единица;
- да ги поврзува главните членови на реченицата;
- да ги бјаснува видовите предмет;
- да ги пределува второстепените реченични членови;

- да ги употребува прилошките определби;
- да ги користи правилно видовите сложени реченици;
- да пристапува кон правилна изработка на есејот како литературен текст;
- да подготвува реклама, рекламни пораки, слајд и презентација;
- да ги усвојува знаењата од теоријата и од историјата на литературата;
- да ги усвојува методолошки и вредносни знаења (интерпретативно-аналитички);
- да ги применува стекнатите знаења врз различни литературни жанрови;
- да се оспособи за самостојно комуницирање со литературните дела од македонската и од светската литература;
- да умее јазично-литературните и општокомуникациските знаења и способности да ги користи за доживување, разбирање, толкување и критички однос кон медиумите (театарот, филмот, печатените и електронските медиуми);
- да ги развива своите емоционални и интелектуални способности и умеења;
- да одбираат податоци за примена и за презентација.

## IV. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| **Програмско подрачраје: ЈАЗИК** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ја дефинира синтаксата како дел од граматиката;<br><br>-да ги усвои поимите именска група и врзан текст; | Синтакса – поим и предмет<br>Задачи на синтаксата | Реченица<br>Именска група<br>Сложена реченица<br>Врзан текст | Вежби преку кои ќе ја согледа разликата меѓу научените поими. |
| -да стекне основни знаења за граматичката структура на реченицата; | Граматичка структура на реченицата | Прирок<br>Подмет<br>Предмет<br>Прилошки определби | Вежби за разликување на членовите во простата реченица. |
| -да ги разликува простата и сложената реченица; | Проста и сложена реченица | Проста реченица<br>Сложена реченица<br>Расказна,<br>Прашална<br>Извична | Вежби за разликување и определување на видовите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги препознава видовите прирок;<br>-да ги користи во правилна форма видовите прирок;<br><br>-да ги разликува безличните реченици од други реченици;<br><br>-да ја знае функцијаа на негацијата и средствата за негација;<br><br>-да ја знае улогата на подметот во реченицата; | Прирок: глаголски и именски<br><br>Безлични реченици<br><br>Подмет | Желбена<br>Глаголски<br>Прост и сложен глаголско – именски прирок<br><br>Функција на подмет (именки, придавки, заменки, броеви)<br><br>Негација | реченици.<br><br>Вежби за препознавање на прирокот во реченици,<br><br>Активности за создавање примери што се запишуваат на табла.<br><br>Вежби за определување на негацијата и средствата за негација од гледна точка на модалноста.<br>Вежби: афирмативни реченици да се преобразат со негација. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да го препознава подметот во реченицата;<br><br>-да прави разлика меѓу вршителот или трпителот на дејството;<br><br>-да ги разликува директниот, индиректниот и предлошкиот предмет;<br>-да го  употребува предлошкиот предмет;<br><br>-да прави разлика меѓу предлошкиот предмет и прилошката определба;<br><br>-да ги класифицира прилошките определби и видовите. | Активни и пасивни реченици<br><br>Предмет – видови предмет<br>Удвојување на предметот<br><br>Прилошки определби | Директен и индиректен предмет<br>Предлошки предмет<br><br>Кратки форми на личните заменки<br><br>Прилошки определби за:<br>место | Вежби: во дадени реченици да се препознае подметот.<br><br>Вежби: конвертирање на дадени активни реченици во пасивни и обратно.<br><br>Вежби: текстови со директен, индиректен и предлошки предмет,<br>Вежби: текстови за пополнување со правилната форма на трите вида предмет.<br><br>Вежби: текстови во кои може јасно да се определи границата меѓу |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | начин<br>време<br>количество и степен | предлошкиот предмет и прилошката определба. |
| -да ги разликува атрибутот и апозицијата;<br>-да ја определува апозицијата како самостоен второстепен реченичен член; | Атрибут и апозиција | Придавски атрибут<br>Именски атрибут | Вежби преку текстови во кои има прилошки определби со соодветно значење, смисла, потекло. |
| -да ја препознава сложената реченица;<br>-да ја разликува главната од споредната реченица;<br>-да ги знае видовите реченици;<br>-да ги знае сврзниците во рамките на сложената реченица;<br>-да го определува односот меѓу содржините на дел-речениците; | Сложена реченица | Дел-реченица<br><br>Сврзнички<br>Бесврзнички | Вежби: текстови во кои на соодветно место и соодветно значење ќе бидат употребени второстепените реченични членови: атрибут и апозиција.<br><br>Вежби: текстови во кои се споредуваат |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да прави разлика меѓу видовите независносложени реченици;<br><br>-да ги усвои независносложените реченици, односот меѓу дел-рečениците и составот на сврзниците; | Независносложени реченици | Независносложена реченица<br><br>Составни<br>Спротивни<br>Разделни<br>Исклучни<br>Заклучни | простата и сложената реченица.<br>Вежби за проширување на одделни прости реченици во сложени.<br>Вежби: да се напише бессврзничка реченица и да се употреби соодветен сврзник и обратно со распознавање на истите.<br><br>Вежби за составување на независно-сложени реченици.<br>Тимска работа: во избран текст да се пронајдат сите видови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да прави разлика меѓу видовите зависно-сложени реченици;<br><br>-да знае дека односот помеѓу главната и зависната дел-реченица и улогата на сврзникот или сврзувачкиот збор;<br><br>-да согледа дека сврзниците им припаѓаат на зависните дел-реченици;<br><br>-да прави разликите меѓу видовите зависносложени реченици;<br><br>-да знае практично да ги применува;<br><br>-да го применува директниот и индиректниот говор/исказ во разни | Зависно-сложени реченици | Зависносложена реченица<br><br>Временски<br>Причински<br>Последични<br>Целни<br>Условни<br>Допусни<br>Начински<br>Односни<br>Исказни | независносложени рченици,<br><br>Вежби за составување на сите видови зависносложени реченици,<br>Вежби: врз примери на текстови од уметничката или друг вид литературата,<br>Вежби: квиз-дополнување и оформување видови зависно-сложени реченици.<br><br>Вежби: пренесување на претходен сопствен исказ и во директна и во индиректна форма, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ситуации или околности; | Директен и индиректен говор | Поим за директен говор<br>Поим за индиректен говор | Аудио вежба: слушање разговор кој треба да се пренесе индиректно и обратно.<br>Вежба за претпоставка на иден туѓ исказ ( да се внимава на глаголското време кое ќе биде употребувано).<br>Вежби: правопис за употреба на запирка помеѓу дел-рečениците. |
| -да ја знае струкурата на есејот;<br>-да знае да изнесува аргументи и факти;<br><br>-да изнесува сопствените мисли и ставови, истражувања и коментари во есеистичка форма; | Практично – професионална комуникација<br><br>Креативно пишување | Композиција<br>Структура<br>Аргументи<br>Факти | Вежби со практична изработка на есеј.<br>Вежби со готови есеи како илустрација.<br>Вежби за аргументирање на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да креира есеј на зададена тема;<br><br>-да ги воочи битните елементи на весникот и на другите масовни медиуми, во функција на информирање, самообразование и забава;<br>-да ги изразува своите критички ставови за медиумот како за неговите формални, така и за неговите содржински елементи;<br>-да ја согледува потребата за правилна употреба на јазикот во весникот и списанието како масовни медиуми;<br>-да ја согледува нивната важност во рамките на масовната и професионалната комуникација;<br>-да ги знае комуникациските обележја на радиото и ТВ како масовни медиуми;<br>-да се оспособува критички, да размислува за нив како медиуми;<br>-да ја согледува потребата за правилна | Есеј<br><br>Масовни медиуми | Весник<br>Радио<br>ТВ<br>Фејсбук | ставовите.<br>Вежба: Пишување есеј во функција на матура.<br>Вежба: Самостоен писмен труд на дадена тема со сите потребни податоци за разработка на истата (накратко) (меѓусебно оценување).<br><br>Тимска или индивидуална подготовка на power point презентација на дадена тема од областа на професијата или по индивидуална креација.<br><br>Дебата на тема: |

| | | | |
|---|---|---|---|
| употреба на јазикот;<br><br>-да ги воочува функциите на рекламата;<br>-да ја осознава рекламата и процесот на рекламирање;<br>-да напише правилно писмен текст. | Презентација | Реклама<br>Рекламирање<br>Слајд<br>Рекламна порака | Предностите и слабостите на електронските помагала<br><br>Вежба:<br>групна работа за осмислување на реклама, креирање и презентирање.<br>Вежба: изработка и составување на највлијателна |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | рекламна порака. Вежба: изработка на слајдови. |

| Програмско подрачје: ЛИТЕРАТУРА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ги репродуцира условите за појава на реализмот,<br>-да ги набројува одликите на реализмот во европската литература,<br>-да ги разликува одликите на видовите реализам; | Реализам - појава, одлики, претставници | Реализам, типичен лик во типична средина, илузија на стварност<br>Видови реализам:<br>критички<br>психолошки<br>натурализам | Белетристички текстови (извадоци) за илустрација на одликите на реализмот во литературата. |
| –да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Балзак<br>-да го интерпретира романот „Чичко Горио“, препознавајќи ги одликите на реализмот.<br>-да ги препознава одликите на ликовите преку кои ќе го определи типичниот реалистички лик. | Реализмот во француската литература<br>Оноре де Балзак - „Чичко Горио" | Реалистички роман<br>Реалистички опис<br>Фабула-сиже | Работа во групи: селективно био - библиографско претставување на Балзак преку истражување на анегдотската страна од животот и творештвото и презентација на неколку анегдоти на час.<br>Интерпретативно читање на романот со фокус врз: деталниот реалистички опис (читање извадок), сезнаечкиот раскажувач/раскажување, типичен лик (илустрација низ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | извадоци).<br>Дискусија на тема: Балзак и општествените норми |
| -да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Гогољ;<br>-да ги интерпретира конкретните расказите од Гогољ, препознавајќи ги одликите на реализмот;<br>-да ги коментира наративните постапки во расказите; | Реализмот во руската литература Николај Гогољ - Раскази „Нос“, „Шинел“ | Хумор,<br>Гротеска<br>Фантастика | Интерпретативно читање на расказите. Тандемска или групна форма на работа: бележење на места во расказите во кои доминира хумористичното опишување на ликовите и на описите со елементи на фантастика; бележење на описите на ликот и описите на градот со ефект на гротеска; разграничување на романтичарските и реалистичките елементи во расказите. |
| -да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Толстој;<br>-да го интерпретира делото од аспект на реализмот;<br>-да го опише нараторот; | Лав Н. Толстој „Смртта на Иван Илич“ | Интроспекција<br>Наратор | Интерпретативно читање на романот со фокус врз извадоци кои ја илустрираат улогата на нараторот и постапката на интроспекција. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги репродуцира основните податоци за историскиот и културниот контекст во Македонија од овој период;<br>-да ги именува одликите и претставниците на македонската литература меѓу двете светски војни;<br>-да ги толкува спецификите на делата на македонските автори од овој период;<br><br>-да ги набројува основните био-библиографски податоци за Иљоски;<br>-да ја интерпретира драмата со потенцирање на жанровските одлики и врските со фолклорот;<br><br>-да ги набројува основните биобиблиографски податоци за Панов;<br>-да ја интерпретира драмата со | Македонската литература меѓу двете светски војни: појава, одлики, претставници<br><br>Васил Иљоски „Чорбаџи Теодос“<br><br>Антон Панов „Печалбари“ | Битова драма<br><br>Книжевен топос печалбарство | Извадоци од историски текстови, публицистички материјали.<br><br>Интерпретативно читање на драмата. Работа во групи со фокус врз структурните и тематските одлики на драмата: бележење на етапите во драмската композиција, интригата и драмскиот конфликт, социјалните и битовите елементи во драмата.<br><br>Интерпретативно читање на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| потенцирање на жанровските одлики и книжевниот топос печалбарство;<br><br>-да ги набројува основните био-библиографски податоци за Крле;<br>-да ја интерпретира драмата врз фонот на „трагичното недоразбирање“ и врз релацијата со останатите драми од овој период;<br><br>-да ги набројува основните био-библиографски податоци за Рацин;<br>-да ја интерпретира Бели мугри од аспект на структурата и мотивите;<br>-да интерпретира конкретни песни со примена на теоретски знаења од литературата (стилски фигури);<br>-да го коментира значењето на Рацин за македонската литература;<br><br>-да ги објаснува доминантните одлики на македонската литература по Втората светска војна;<br>-да ги репродуцира основните | Ристо Крле „Парите се отепувачка“<br><br>Кочо Рацин „Бели мугри“ („Денови“, „Татунчо“, „Копачите“)<br><br>Повоена македонска литература: појава, одлики, | Социјална поезија,<br>Билингвален, трилингвален автор<br><br>Историски контекст<br>Литературен контекст | драмата.<br>Дискусија на тема: „Мотивот на печалбарството некогаш и сега“.<br><br>Интерпретативно читање на драмата низ структурни и тематски споредби со останатите драми од овој период.<br><br>Подготвително следење на филмот „Елегии за тебе“, за да се согледа испреплетеноста на животниот и творечкиот пат на Рацин.<br><br>Интерпретативно читање на песни од Рацин со фокус врз: социјалните мотиви и парадигматичните стилски фигури. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| книжевно-историски податоци за македонската литература (периодизација, класификација на жанровите, автори, дела);<br><br>-да ги репродуцра основните био-библиографски податоци за Јаневски;<br>-да интерпретира конкретно дело;<br>-да го опишува нараторот;<br>-да го коментра начинот на кој е претставена стварноста во делото;<br><br>-да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Попов;<br>-да го интерпретира романот со препознавање на релациите со фолклорот и со историјата;<br><br>-да ги репродуцира основните одлики на модернизмот во | претставници<br><br>Славко Јаневски „Улица“<br><br>Стале Попов „Крпен живот“<br><br>Модернизмот | Повест<br>Наратор<br><br>Битов роман<br><br>Модернизам<br>Авангарда<br>Антитрадиционализам<br>Иновација | Табеларно-шематски приказ на жанровските и поетичките доминанти на македонската литература во овој период. Евентуална работа во групи.<br>Извадоци од илустративни текстови.<br><br>Сумиран (табеларен) приказ на творечката разновидност на Јаневски.<br>Интерпретативно читање на делото со фокус врз: функцијата на нараторот и неговата гледна точка, метафората на улицата, анализа на односот микро-макросвет.<br><br>Интерпретативно читање на романот.<br>Работа во групи со фокус врз: типичноста на реалистичките ликови, етнографско-фолклорните слоеви во романот, романот и историјата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| светската литература;<br>-да ги препознава во конкретни текстови;<br><br>-да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за По;<br>-да ги препознава модернистичките одлики во лирикатата и во расказите на По;<br><br>-да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Бодлер;<br>-да интерпретира лирски текстови низ призма на модренистичката/ симболистичката поетика –да применува теоретски знаења од литературата (стилски фигури);<br><br>-да ги репродуцира условите за појава на постмодерната во литературата;<br>-да ги репродуцира одликите и | во светската литература-појава, одлики, претставници<br><br>Едгар Алан По:<br>„Гавранот“, „Украденото писмо“<br><br>Шарл Бодлер „Цвеќиња на злото“ („Албатрос“, „Созвучја“)<br><br>Постмодерна: појава, одлики, претставници | Основач на модернизмот<br>Мотив на мртвата сакана<br><br>Симболизам<br>Сонет<br>Синестезија<br><br>Исчезнување на реалното<br>Авторефренцијалност<br>Традиција<br>Интертекстуалност | Илустративни текстови по избор, парадигматични за модернистичката поетика (од симболизмот, футуризмот, дадаизмот, надреализмот).<br><br>Интерпретативно читање на песната „Гавранот" врз фонот на објаснувањата што ги дава поетот во есејот „Филозофија на композицијата".<br><br>Интерпретативно читање на текстови низ призма на симболистичката поетика.<br><br>Илустрирање на одликите на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| претставниците на постмодерната литература; | | | постмодерната литература преку извадоци од репрезентативни книжевни и некнижевни текстови. Фрагменти од рекламни пораки како илустрација на губење на реалното (медиумската слика е пореална од реалноста), фрагменти од раскази на Борхес како илустрација за литературата којашто ги опишува и ги коментира литературното дело и литературата воопшто, наместо стварноста; намерно мешање на жанровите и кршење на границите меѓу литературните родови и видови и медиуми („Инсомнија" - Димитрие Дурацовски), книжевни текстови кои се пишувани како дијалог со други текстови (песни од Б. Ѓузел). |
| -да ги репродуцира условите за појава на модернистичките и постмодернистичките текови во македонската литература;<br>-да ги коментира одликите на | Современа македонска литература: модерна - постмодерна | Модерна постмодерна | Табеларен приказ на хронологијата на современата македонска литература, со систематизација на модернистичките и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| современата македонска литература (споредбено модерната и постмодерната);<br>-да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за П. М. Андреевски;<br>-да го интерпретира романот со препознавање на раскажувачките постапки и врските со историјата; | Петре М. Андреевски „Пиреј“ | Уснопоетички историски роман, рамковна приказна, врамена приказна, фабула-сиже | постмодернистичките одлики.<br><br>Интерпретативно читање на романот со фокус врз модернистичките постапки. Дискусија на тема: метафората на пиреjот, врските меѓу личната, семејната и колективната историја, машката и женската гледна точка на војната и на историјата воопшто. |
| -да ги интерпретира доминантните одлики во лириката на Б.Конески;<br>применува теоретски знаења од литературата (стилски фигури, лирска поезија);<br>-да ја препознава врската на уметничката поезија со фолклорната традиција; | Блаже Конески – Поезија („Ангелот на света Софија“, „Циклусот песни за Марко Крале“) | Однос кон традицијата, демитологизација,<br>лиризација | Споредбено читање на епските песни за Марко Крале и песни од циклусот на Конески; бележење на одликите на „лирскиот“ Марко Крале („очовечувањето“, демитологизација, деидеализација). |
| -да ги интерпретира доминантните одлики во лириката на Ацо Шопов;<br>-да применува теоретски знаења од | Ацо Шопов – Поезија | Три фази во македонската поезија интимна лирика, лирски субјект | Интерпретативно читање на лирски текстови со фокус врз: доминантните мотиви, стилските |

| | | | |
|---|---|---|---|
| литературата (стилски фигури, лирска поезија);<br><br>-да ја интерпретира драмата низ призма на конвенциите на драмскиот род и на релациите со историјата;<br>-да го коментира значењето на Чашуле за историјата на македонската драма;<br><br>-да ја интерпретира драмата низ призма на конвенциите на драмскиот род и на релациите со историјата;<br><br>-да ја интерпретира драмата низ призма на конвенциите на драмскиот род и на релациите со историјата | („Тишина“, „Очи“, „Раѓање на зборот“)<br><br>Коле „Чашуле Црнила"<br><br>Горан Стефановски „Диво месо“<br><br>Венко Андоновски „Кандид во земјата на чудата“ | Драмска структура, драма со теза<br><br>Книжевни стереотипи, драмски конфликт<br><br>Постмодернистичка драма | фигури и лирскиот субјект.<br><br>Интерпретативно читање на драмата со фокус врз елементите на драмската структура.<br><br>Интерпретативно читање на драмата со фокус врз модернистичките постапки во драмската структура;<br>дискусија: стереотипот на Балканот како „буре барут“.<br><br>Интерпретативно читање на драмата со фокус врз постмодернистичките постапки во драмската структура (цитати и алузии на други книжевни дела).<br>Дискусија: стереотипот Балкан-Европа (во драмите на Андоновски и Стефановски). |

Лектира:

1. Фјодор М. Достоевски „Злосторство и казна“
2. А. П. ЧЕхов „Раскази“
3. Џорџ Орвел „Животинска фарма“
4. Современа македонска поезија
5. Александар Прокопиев „Човечулец“ (избор)

## V. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот македонски јазик и литература подразбира распределба на часовите за усвојување на нови наставни содржини од областите Јазик и Литература, при што треба да се обрне внимание на бројот на часовите за реализирање на функционалните цели на обете подрачја, со акцент врз самостојната работа на учениците.

Во текот на наставната година се работат три задолжителни писмени работи за кои се испланирани девет (9) наставни часа (за техничка подготовка, за изведба и за поправка).

Целите на предметот македонски јазик и литература ќе бидат успешно остварени доколку во целост се исполнат сите конкретни цели кои се систематизирани по подрачја и теми.

За реализација на програмските содржини се применува традиционална и современа наставна технологија, како единство на интеракција меѓу наставникот, ученикот и наставната содржина, формите, методите и средствата, за да се постигнат целите на предметот. при што ќе се развива свеста и желбата за континуирано учење.

По дадените информации за определена содржина, наставникот со примена на современи наставни техники, од учениците ќе бара истите да ги толкува со примена на формите на усно и писмено изразување и притоа ќе реконструираат, истражуваат, анализираат, синтетизираат и практично ќе ги применуваат здобиените знаења. Прашањата кои ги поставува наставникот треба да бидат насочени и во функција на поттикнување на различни видови мислења и ставови со различна

сложеност. Во добиените одговори од ученикот, наставникот нема да бара само препознавање и репродукција на меморираното, туку ќе бара искажување најразлични судови, мислења и откривање на заемните врски меѓу идеите, фактите и нивните вредности. Активностите и улогата на ученикот и на наставникот меѓусебно се кординираат во текот на процесот на учењето.

Покрај основните традиционални методи ќе се применуваат и методите за активно учење преку кои ќе се развива и усовршува читањето и пишувањето и критичкото размислување со што ќе се развива свеста и желбата за континуирано учење.

По давањето на информациите за определена содржина, со примена на икт и современа наставна технологија, од учениците ќе се бара истите да ги толкуваат со примена на формите за усно и писмено изразување и притоа ќе реконструираат, анализираат и синтетизираат и практично да ги применуваат стекнатите знаења. Прашањата секогаш ќе бидат во функција на поттикнување и на различни видови мислења и на ставови со различна сложеност, искажување најразлични мислења, ставови, идеи, факти и други вредности.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Согласно Блумовата таксономија воспоставени се стандарди за оценување според кои се распоредени програмските подрачја и содржините. Во трета година учениците во програмското подрачје јазик ги усвојуваат и обработуваат содржините: Синтакса, Проста и сложена реченица; Прирок (глаголски и именски); Безлични реченици; Подмет; Предмет (удвојување на предметот); Сложена реченица (независно-сложени и зависно-сложени реченици); Директен и индиректен говор; Практично-професионална комуникација (есеј, масовни медиуми, презентација),според кои учениците по нивоа треба да го исполнат стандардите за помнење, разбирање, применување и вреднување.

| Наставно подрачје/ Содржини | Ниво на постигање | Стандард |
|---|---|---|
| **Јазик**<br><br>Синтакса<br>Проста и сложена реченица; Прирок (глаголски и именски); Безлични реченици; Подмет; Предмет (удвојување на предметот); Сложена реченица (независно-сложени и зависно-сложени реченици); Директен и индиректен говор;<br><br>Практична – професионална комуникација | Помнење | Ученикот/ученичката:<br>ја дефинира синаткса како научна дисциплина;<br>дефинира реченица како синтаксички поим;<br>препознава видови прирок во реченица;<br>именува сложена реченица. |
| | Разбирање | Толкува именска група на зборови и синтагма;<br>објаснува граматичка структура на реченица;<br>го опишува есејот како форма на изразување;<br>поврзува битни елементи на масовните медиуми;<br>објаснува функција на реклама. |
| | Применување | Писмено и усно употребува усогласеност на подмет и прирок во реченица;<br>користи различни видови реченици;<br>употребува прилошки определби во реченица;<br>правилно ги применува сврзниците во видовите сложени реченици;<br>пишува различни форми на писмено изразување;<br>прави реклама. |
| | Анализа<br>Синтеза<br>Вреднување | Разликува видови подмет;<br>извлекува второстепени реченични членови;<br>разликува видови сврзници во видови сложени реченици;<br>организира структура на есеи на зададена тема;<br>коментира функции на масовните медиуми во секојдневниот живот;<br>извлекува значење на јазикот во масовните мадиуми;<br>коментира објавени текстови во различни медиуми. |

Во трета година во програмското подрачје литература учениците ги усвојуваат и ги обработуваат содржините Реализам, Модерната и постмодерната во светската литература, Македонската литература меѓу двете светски војни, Повоена македонска литература, Современа македонска литература, според кои учениците по нивоа треба да ги исполнат стандардите за помнење, разбирање, применување и вреднување.

| **Наставно подрачје/ содржини** | **Ниво на постигање** | **Стандард** |
|---|---|---|
| **Литература**<br><br>Реализам<br>Модерната во светската литература<br><br>Македонската литература меѓу двете светски војни<br><br>Повоена македонска литература<br><br>Современа македонска литература | Помнење | Ученикот/ученичката:<br>набројува карактеристики на реализмот во Европа;<br>именува основни био-библиографски податоци за Балзак, Толстој;<br>препознава белези на модерната во светската литература;<br>набројува основни био-библиографски податоци за Едгар А. По и Шарл Бодлер;<br>репродуцира услови за појава на македонската литература меѓу двете светски војни;<br>именува основни био-библиографски податоци за Балзак, Толстој, Гогољ;<br>ги репродуцира белезите на македонската литература меѓу двете светски војни;<br>набројува био-библиографски податоци за В. Иљоски, А. Панов, Р. Крле, К. Рацин;<br>знае основни био-библиографски податоци за С. Јаневски, С. Попов, П.М. Андреевски, К.Чашуле;<br>набројува карактеристики на македонска современа литература. |
| | Разбирање | Поврзува белези на реализмот во европските литератури,<br>поврзува карактеристики кај претставниците на македонската литература меѓу двете светски војни;<br>опишува наратор во делото на Толстој, Балзак;<br>толкува специфики на македонската литература по Втората светска војна;<br>поврзува карактеристики на творештвото на претставници на современата македонската литература. |
| | Применување | Драматизира книжевни целини и ликови од различни дела; |

| | | |
|---|---|---|
| | | илустрира карактеристични ликови од дела на автори од различни периоди и правци во литературата;<br>применува теоретски знаења од литературата на конкретни примери;<br>покажува структура на типични жанрови на модерната. |
| | Анализа<br>Синтеза<br>Вреднување | Анализира дела од Балзак, Толстој, Гогољ;<br>споредува белези на различни правци во литературата во дела различни по жанр;<br>анализира дела од Едгар А. По, Бодлер;<br>споредува дела од ист правец, но од различни автори;<br>анализира дела од Иљоски, Панов, Крле, Рацин;<br>анализира дела од С. Јаневски, С. Попов, К.Чашуле, П.М.Андреевски, Г.Стефановски, В. Андоновски;<br>вреднува дела од различни автори според естетски белези. |

## VI. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и оценувањето на учениците постојано се следи и се врши континуирано во текот на наставата, со обид на учениците оценувањето да им ја покаже реалната состојба во нивните знаења со што ќе се стимулираат за нивно перманентно продлабочување. Согласно природата на програмата по предметот македонски јазик и литература оценувањето може да се реализира преку усна и писмена форма, со презентација на соодветни проектни задачи, трудови, и слично.

Усниот инструмент се состои од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања, презентации, самостојно изложување на доживувања и сфаќања, ставови и судови.

Пишуваниот инструмент ќе претпочита писмени работи, писмени вежби, објективни тестови на знаења, тестови на способности.

Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тромесечјето, полугодието и крајот на годината.
Оценувањето треба да биде во функција на успешно продолжување на образованието во четврти степен.
За учениците кои покажуваат вонреден интерес и успех задолжително се организира додатна настава.
За учениците кои не ги усвојуваат во задоволителна мера знаењата, задолжително се организира дополнителна настава.
Ученикот се оценува со бројчана оценка.

## VII. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставата се организира во училница или во кабинет, а по исклучок се проследува со придружни активности кои го менуваат местото на реализација (институции на култура, научни институции, природен амбиент и др.).

## VIII. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Студиски групи на Филолошкиот, односно Филозофскиот факултет:
-Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јази како втор главен предмет;
-Македонски јазик и книжевност-наставна насока;
-Општа и компаративна книжевност- наставна насока.

## IX. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1.09.2015 година

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Наставната програма по македонски јазик и литература за трета (III) година на средното стручно образование со тригодишно траење, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

МИНИСТЕР,

__________________________

Спиро Ристовски

Изготвил: работна група со решение бр.02-628/1 од 22.04.2013 год., координатор м-р Блага Панева
Контролирал: Трајче Георгиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор
Директор: м-р Весна Хорватовиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-5500/1 од 01.10.2013 година
Скопје